РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 0802-382
05.01.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.____________**
**_____._____.2024 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-382 од 25.12.2023 година за одземање на дозволата за радио емитување на Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година и Заклучокот арх.бр.0201-93/1 од 05.01.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 04.01.2024 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 25.12.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4741/2 од 25.12.2023 година, донесе Одлука Уп1 бр.08-382 од 25.12.2023 година со која ја одзеде

дозволата на Приватната високообразовна установа (ПВУ) Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година, поради тоа што имателот на дозволата подолго од 30 дена од денот на започнување со вршење на дејноста, утврден во дозволата, не ги исполнил техничките и просторните услови што ги понудил во постапката за доделување на дозволата, односно просторните и техничките услови на радиодифузерот не биле во согласност со понудените просторни и технички услови во постапката за доделување на Дозвола Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година, кои се наведени во Образецот бр.2 кој е составен дел на Пријавата за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 година.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-382 од 25.12.2023 година за одземање на дозволата за радио емитување на ПВУ Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ, Уп1 бр.08-333 од 09.10.2023 година и Заклучокот арх.бр.0201-93/1 од 05.01.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 04.01.2024 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ;
- Директорот на Приватната високообразовна установа Универзитет Скопје – Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.